ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-244/8**

**Дата: 17.06.2013**

ДО
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија (во понатамошниот текст ЈП Службен весник), за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈП Службен весник за 2007 година и изразено е позитивно мислење.

За вистинитоста и објективноста на резултатот од финансиските извештаи за 2012 година и за усогласеноста на финансиските трансакции и информации со закони и прописи изразивме позитивно мислење.

Со извршената ревизија ги истакнуваме следните состојби:

- Управниот обор на ЈП Службен весник секоја година ја утврдува продажната цена на службеното гласило и регистарот на прописи, објавувањето на огласите, акти и неважечки документи, додека со посебни одлуки ја утврдува цената на другите изданија за кои Владата на Република Македонија како основач нема дадено согласност,
- невоспоставување на Единица за внатрешна ревизија.

За надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки кои се однесуваат на надлежните органи за управување и раководење на субјектот.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________
*2.* ____________________________
*3.* ____________________________ ________________________

Во делот на системските слабости, ја истакнуваме потребата надлежните органи на управување и раководење на ЈП Службен весник, во соработка со надлежните органи, да ги продолжат отпочнатите активности за усогласување на Законот за објавување на закони и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија" со измените и дополнувањата на Законот за јавни претпијатија и Законот за јавни службеници во делот на: изборот на директорот, изборот на членовите на Управниот одбор и дефинирање на статусот на вработените како јавни службеници.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, ревизијата ги обелодени состојбите во врска со:

- орочените средства во деловните банки и запишувањето на тромесечни државни записи од Министерство за финансии на одредено време со договорена камата. Ревизијата укажува на потребата надлежните државни органи да преземат активности за пропишување на соодветни акти, критериуми и постапки за користење на слободните парични средства;
- одобрени 97 бесплатни пристапи на електронската форма на изданијата на службените весници, за потребите на некои од органите на државна управа врз основа на донесен заклучок на Владата на Република Македонија.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизијата, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 10 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на ЈП Службен весник кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на капиталот и резервите за 2012 година, Извештај за паричниот тек, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈП Службен весник за 2007 година и изразено е позитивно мислење.

1.4.Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Тони Трајанов – директор од 05.09.2006 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 до 19.04.2013 година, кај ЈП Службен весник од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈП Службен весник за 2007 година и изразено е позитивно мислење.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 13.05. 2013 година.
Од страна на одговорното лице на субјектот, доставено е Известување број 03-3745/1 од 13.06.2013 година, со кое информира дека нема забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Управниот обор на ЈП Службен весник секоја година ја утврдува продажната цена на службеното гласило и регистарот на прописи, како и продажната цена за објавување на огласи, акти и неважечки документи која е утврдена со Тарифата за висината на цената за објавување на огласи, акти и неважечки документи, за кои цени, Владата на Република Македонија како основач на ЈП Службен весник дава согласност. Управниот обор, со посебни одлуки ја утврдува цената на другите изданија за кои Владата на Република Македонија како основач нема дадено согласност, што не е во согласност со член 11 од Законот за јавните претпријатија. Ваквиот начин на утврдување на цените е воспоставена пракса, без да постои акт/методологија за утврдување на малопродажните цени на производите и услугите кои ЈП Службен весник ги продава и врши за корисниците и создава можност од остварување на дел од приходите како средства за работење и развој на ЈП Службен весник, без согласност од основачот.

Во текот на ревизија од страна на Директорот на ЈП Службен весник до Управниот одбор доставенена е Информација бр.03-3035/1 од 17.05.2013 година за отпочнување на постапка за донесување на акт за утврдување на цените на производите и услугите кои ЈП Службен весник на Република Македонија ги продава и врши за корисниците, преку формирање на комисија за подготвување на наведениот акт.

**Препорака:**
Надлежните органи на управување и раководење да ги продолжат отпочнатите активности за изготвување и донесување на акт за утврдување на цените на производите и услугите кои ЈП Службен весник ги продава и врши за корисниците.

4.1.2. Согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите со опис и попис на работните места, ЈП Службен весник има предвидено Единица за внатрешна ревизија, со два внатрешни ревизори. ЈП Службен весник нема вработено внатрешни ревизори, што не е во согласност со член 31 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Во текот на 2012 година, со одлука на Влада на Република Македонија од седница одржана на 09.10.2012 година, донесен е заклучок за прераспределување на лице внатрешен ревизор од Министерството за надворешни работи во ЈП Службен весник, согласно која Министерството за надворешни работи се задолжува да подготви, потпише и достави Спогодба за преземање најдоцна до 17.10.2012 година. До денот на известување од ревизијата не е извршено преземање на лицето од Министерството за надворешни работи и покрај доставената Ургенција број 03-74071 од 22.11.2012 година од страна на ЈП Службен весник.

Невоспоставувањето на Единицата за внатрешна ревизија, може да влијае на соодветноста и ефективноста на системите за внатрешна контрола во поглед на обезбедување: усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти и договори, веродостојност и сеопфатност на финансиските и оперативните информации, безбедност на имотот и информациите, извршување на задачите, остварување на целите и давање на препораки за подобрување на работењето и работните задачи.

**Препорака:**
Надлежните органи на управување и раководење, да продолжат со активностите за превземање/вработување на лицето внатрешен ревизор.

**Ефекти од ревизијата**

Врз основа на изнесеното во точка 4, ревизијата не утврди материјално значајни ефекти на финансиските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. ЈП Службен весник на Република Македонија функционира согласно одредбите од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ (Сл.весник бр. 56/99 и 43/02). Во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за финансиските извештаи на ЈП Службен весник за 2007 година, истакната е состојба на неусогласеност на наведениот закон со одредбите од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник бр.38/96,..., 6/12) и дадена е препорака за усогласување. До денот на известувањето од извршената ревизија утврдивме неусогласеност на Законот за објавување на закони и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ со измените и дополнувањата на Законот за јавни претпијатија и Законот за јавните службеници и тоа во делот на:

- избор на директор. Директорот на ЈП Службен весник е именуван од страна на Владата на Република Македонија со Решение бр. 22-5361/1 од 07.09.2010 година, согласно член 18 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“. Наведената состојба не е во согласност со членот 23 од Законот за јавните претпријатија, каде е регулирано дека изборот на директорот го врши Управниот одбор, врз основа на јавен конкурс. Како резултат на наведената состојба директорот нема склучено договор со Управниот одбор за уредување на односите со јавното

претпријатие и поединечните права, одговорности и овластувања, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавни претпријатија;

- членови на Управен одбор. Управниот одбор на ЈП Службен весник, се состои од 6 членови од кои 4 се надворешни лица и 2 се преставници од вработените во ЈП Службен весник. Наведната состојба не е во согласност со членот 17 од Законот за јавните претпријатија, каде е утврдено дека членови на Управниот одбор се надворешни лица и истите ги именува, односно разрешува основачот и тоа од редот на афирмирани и познати стучњаци во областа на предметот на работењето на ЈП Службен весник;
- дефинирање на статусот на вработените како јавни службеници. За вработените во јавното претпријатие кои имаат статус на јавни службеници за прашањата кои се однесуваат на вработувањето, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на јавниот службеник треба да се применуваат одредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за јавните службеници.

Во април 2012 година, ЈП Службен весник има изготвено и поднесено Иницијатива до Министерството за правда, за донесување на нов Закон за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“, со цел усогласување на одредбите на законот со Законот за јавни претпријатија и Законот за јавни службеници. До денот на известување од извршената ревизија, ЈП Службен весник нема добиено одговор по основ на поднесената иницијатива. Потребно е надлежните органи на управување и раководење во соработка со надлежните органи да ги продолжат/интензивираат отпочнатите активности за донесување/ усогласување на законската регулатива.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност или континуитет

7.1. Управниот Одбор на ЈП Службен весник со одлука број 02-8297/1 од 28.12.2011 година одобрил слободните парични средства на ЈП Службен весник да се орочуваат во деловни банки или да се купуваат државни записи од Министерството за финансии, на одредено време со договорена камата. Согласно наведеното, во текот на 2012 година пласирани се средства во вкупен износ од 241.613 иљјади денари и остварени се приходи од камати по овој основ во износ од 11.377 иљјади денари.

Ревизијата укажува на потребата надлежните државни органи да преземат активности за пропишување на соодветни акти, критериуми, постапки за користење на слободните парични средства.

7.2. Владата на Република Македонија на триесет и деветата седница одржана на 17.01.2012 година, донела заклучок со кој ЈП Службен весник треба да обезбеди 97 бесплатни пристапи на електронската форма на изданијата на службените весници, за потребите на некои од органите на државна управа. Како резултат на тоа, Управниот одбор донел Одлука бр.02-529/1 од 27.01.2012 година, со која се одобрени бесплатните пристапи. Ваквата состојба создава услови за нерамноправна положба на органите на државната управа при користењето на услугите на ЈП Службен весник, како и намалување на неговите приходи.

7.3. Обрнуваме внимание дека ЈП Службен весник е тужител во судски постапки за ненаплатени побарувања по основ на извршени услуги за претплата на Службен весник и објавени огласи во износ од 596 илјади денари. Во моментов, конечниот исход по ова прашање неможе да се утврди.

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2012 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жениja** | **2012** | **2011** |
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 3.1 | 75,577 | 75,640 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 3.2 | 281 | 42 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **75,858** | **75,682** |
| ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ | 3.3 | 19,037 | 15,305 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 3.4. | 6,921 | 5,626 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 3.5 | 31,238 | 31,139 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3.6 | 7,620 | 8,254 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 3.7 | 4,168 | 2,660 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 3.8 | 333 | 2,465 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 3.9 | 9 | 45 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **69,326** | **65,494** |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 3.10 | 11,427 | 12,175 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 3.11 | 6 | 7 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **17,953** | **22,356** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | 3.12 | **17,953** | **22,356** |
| **Данок од добивка** | 3.13 | **141** | **158** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | 3.14 | **17,812** | **22,198** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 4.1 | 161,699 | 261,332 |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | 4.2 | 18,773 | 14,545 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 4.3 | 140 | 280 |
| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | 4.4 | 1,598 | 1,880 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 4.5 | 100,000 | 0 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 4.6 | 16 | 73 |
| ЗАЛИХИ | 4.7 | 1,557 | 1,408 |
| **Вкупно тековни средства** | | **283,783** | **279,518** |
| **Нетековни средства** | | | |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 4.8 | 11,530 | 10,428 |
| МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | | 61,033 | 63,958 |
| *ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА* | 4.9 | 126 | 513 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **72,689** | **74,899** |
| **Вкупна актива** | | **356,472** | **354,417** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 4.10 | 4,005 | 1,985 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 4.11 | 1,234 | 1,051 |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | 4.12 | 9,549 | 9,751 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **14,788** | **12,787** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| ОСНОВНА ГЛАВНИНА -ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | 4.13 | 259,395 | 277,044 |
| РЕВАЛОРИЗАЦИОНИ РЕЗЕРВИ И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 4.14 | - | 7,147 |
| РЕЗЕРВИ | 4.15 | 38,571 | 35,241 |
| АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 4.16 | 25,906 | - |
| ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 4.17 | 17,812 | 22,198 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **341,684** | **341,630** |
| **Вкупна пасива** | | **356,472** | **354,417** |

## П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕВАЛОРИЗАЦИОНИ РЕЗЕРВИ И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **277,044** | **7,147** | **35,241** | **-** | **22,198** | **341,630** |
| Добивка за 2012 година | - | - | - | - | 17,812 | 17,812 |
| Распределба на нето добивката за 2012 година | - | - | 3,330 | - | - | 3,330 |
| Распределба на добивката за 2011 година за задолжителна резерва | 1,110 | - | - | - | (3,330) | -2,220 |
| Распределба на добивката за 2012 година за пренос на 80% во Буџетот на РМ во 2012 година | - | - | - | | (17,758) | -17,758 |
| Распределба на добивката за 2011 година за пренос во 2012 година | - | - | - | - | (1,110) | -1,110 |
| Пренос на акции на акумулирана добивка од минати години | (18,720) | - | - | 18,720 | - | - |
| Пренос на средства за инвестиции од минти годни на акумулирана добивка од минати години | (39) | - | - | 39 | - | - |
| Пренос на ревалоризациона резерва на акумулирана добивка од минати години | - | (7,147) | - | 7,147 | - | - |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **259,395** | **-** | **38,571** | **25,906** | **17,812** | **341,684** |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2012 ГОДИНА | |
|---|---|
| | во 000 денари |
| | **2012/2011** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **17,812** |
| Усогласување за Трошоци / приходи кои не предизвикуваат одлив /прилив на парични средства | |
| Амортизација | 7,620 |
| Приходи од вложувања во хартии од вредност | (11,421) |
| **Готовински текови од работење** | **14,011** |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | (4,228) |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 140 |
| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | 282 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | (100,000) |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 57 |
| ЗАЛИХИ | (149) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 2,020 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 183 |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | (202) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(87,886)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 387 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (5,797) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(5,410)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Приходи од камати | 11,421 |
| Исплата на 80% од добивката во буџетот на РМ | (17,758) |
| Капитал | |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(6,337)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(99,633)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **261,332** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **161,699** |